# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 143. Дата: 17. 09. 2012.**

## СУПЕР ХЕРОИ

Ако сте љубител на цртани стрипови, тогаш сигурно сте запознаени со супер хероите, како што се Бетмен, Супермен, Спајдермен, Ајронмен и многу други.



Во последно време овие херои „царуваат“ и на филмското платно, а поради нивната популарност, можете да ги сретнете скоро на секоја детска маица, тетратка, ранец...и на што ли уште не.



Сите деца се луди по нив, но и многу од повозрасните со нескриена страст ги проследуваат авантурите на овие јунаци. Очигледно е дека има барем две главни причини за нивната популарност:

Прво, тоа се нивните супер-моќи. Тие можат да летаат, гледаат преку ѕидови, замрзнуваат езеро со еден здив, виткаат железна шипка, како да е од кашкавал, се борат со џинови...

Второ, тоа е нивниот карактер; овие херои се прикажани како чесни, некорумпирани, несебични, пожртвувани, спремни да се борат против злото, во било која форма, до последниот атом на нивните сили.

Сепак, колку и да им се воодушевуваме, не можеме да го оспориме фактот дека овие ликови се измислени. Колку и да го извикуваме нивното име, никој од нив нема да се појави и да ни помогне. Нема да долета Супермен, или Спајдермен да се спушти со својата пајажина.

Но, од друга страна, постои еден кој што има поголема моќ од сите овие измислени херои. За него историјата забележала дека смирувал бури, одел по вода, мртвите ги враќал во живот, демоните му се плашеле, мудрите пред него останувале без зборови..неговото име е Исус. Најпрекрасното во сето тоа е дека Исус не е измислен лик. Тој е жив и денес, и е спремен да одговори на секој што ќе го повика Неговото име. Безброј луѓе во светот сведочат дека кога го повикале Неговото име, биле ослободени од ропството на гревот; Закоравени алкохоличари или зависници од дрога, го напуштиле нивниот порок во еден ден. Болни луѓе се исцелени, во името на Исус. Демоните ги напуштаат опседнатите, кога ќе го слушнат Исусовото име...



А што е со Неговиот карактер? Тој има совршен карактер; тој никогаш нема направено грев. Во Неговата уста нема лага и измама. Неговата милост е достапна за секој што ќе ја побара. Заради Неговата љубов, Тој се жртвуваше себеси на крстот, плаќајќи ја казната за нашите гревови. Пророк Исаија, за Исус пророчи запишал: „*Он ќе им суди на сиромасите по правда, и делата на страдалците во земјата ќе ги решава според вистината; со зборот од устата Своја ќе ја порази земјата (т.е. нечесниот). Појас на половината Негова ќе биде правдата, а појас на бедрата Негови – вистината.*“ (Исаија 11:4).

Останува да одлучиш; кој е твојот вистински херој: измислен лик од стриповите, или Господ Исус, кој има моќ да те ослободи од гревот и да ти подари вечен живот?

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**